РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2016 година

# СОДРЖИНА

Резиме....2

I. Реален сектор

Индустриско производство....3

Број на работници во индустријата....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија....4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите....4

Инфлација....5

Берзански цени....6

2. Надворешно-трговска размена

Извоз....8

Увоз....9

Салдо на трговска размена....10

Валутна структура....10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи.... 11

Буџетски расходи....12

Буџетско салдо....13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ....13

Плати....14

Пензии....15

5. Монетарен сектор

Примарни пари....16

Депозитен потенцијал....16

Кредити на банките....17

Каматни стапки на депозитни банки....17

Пазар на капитал....18

Девизни резерви....18

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2016 година

- Индустриското производство во февруари 2016 година во споредба со февруари 2015 година забележа раст од 15,2%;

- Потрошувачките цени во февруари 2016 година не се променети во однос на февруари 2015 година, по растот од 0,1% регистриран претходниот месец;

- Во периодот јануари- февруари 2016 година извозот забележа раст од 7,2%, а увозот за 7,1%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 6,9% споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - февруари 2016 година изнесуваа 25.848 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 14,3% во однос на истиот период од 2015 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 30.307 милиони денари, што е за 11,4% повеќе во однос истиот период од 2015 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 8,7% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 5,3%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во февруари 2016 година индустриското производство забележа значителен раст од 15,2% во споредба со февруари 2015 година. Анализирано по сектори, раст е забележан во секторите Преработувачка индустрија од 19,0% и Рударство и вадење камен од 7,9%, додека пад е забележан во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 10,5%.




Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство во февруари 2016 година има гранката Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (6,4 п.п.), а најголем негативен придонес  гранката Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (1,0 п.п.).




* Раст од над 100% е забележан во категориите Преработка на дрво и производи од дрво и плута и Производство на моторни возила, приколки и полуприколки.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во февруари 2016 година во однос на февруари 2015 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Капитални производи од 54,4%, Интермедијарни производи, освен енергија од 12,6%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,5% и Енергија од 0,4%. Пад е забележан единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка од 18,0%.

## Број на работници во индустријата



Стапка на раст на бројот на работници и продуктивноста во индустријата; Извор: ДЗС и пресметки на МФ

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во февруари 2016 година забележа раст од 1,6%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,6%. Раст е забележан и во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,4% и Рударство и вадење камен од 0,6%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во февруари 2016 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 20,6%, Интермедијарни производи, освен енергија од 4,5% и Енергија од 2,2%, додека пад е забележан кај групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,5% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,3%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во февруари 2016 година е поповолна во однос на претходниот месец, а како и во однос на февруари 2015 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во февруари изнесува 64,6%, што претставува зголемување во однос на јануари 2016 година, кога изнесувало 64,5%. Споредено со истиот месец претходната година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2,4 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во февруари 2016 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,5%, недоволната домашна побарувачка со 18,1%, недостигот на квалификувана работна сила со 16,8%, финансиските проблеми со 9,1%, неизвесното економско опкружување со 6,9% и конкурентниот увоз со 6,3%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во февруари во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се дека ќе се зголеми, додека залихите на готови производи се непроменети.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во февруари 2016 година издадени се 335 одобренија за градење, што претставува зголемување од 48,2% во однос на февруари 2015 година. Во однос на претходниот месец, кога биле издадени 263 одобренија, бројот на издадени одобренија за градење бележи зголемување од 27,4%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во февруари 2016 година, во однос на

истиот месец претходната година е зголемена двапати повеќе (228,3%). Во однос на јануари 2016 година, вредноста на објектите се зголемила за 88,9%.



Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на работите; Извор: ДЗС

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 197 (или 58,8%) се наменети за објекти од високоградба, 39 (или 11,6%) за објекти од нискоградба и 99 (или 29,6%) за објекти за реконструкција.



Број на издадени одобренија за градење по региони, во февруари 2016 година; Извор: ДЗС

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 335 издадени одобренија за градба, на 198 (или 59,1%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 137 објекти (или 40,9%) инвеститори се деловни субјекти.

Во февруари 2016 година предвидена е изградба на 848 стана, со вкупна корисна површина од 66.209 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба споредено со февруари 2015 година е зголемен за 140,2%, а во однос на претходниот месец за 165,8%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во февруари 2016 година не се променети во однос на февруари 2015 година, по растот од 0,1% регистриран претходниот месец, така што просечната стапка на инфлација во првите два месеца од 2016 година изнесува 0,1%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во февруари забележа годишен пад на цените од 0,7%, главно како резултат на намалените цени во поткатегориите Зеленчук од 5,8% и Месо од 2,4%.



Стапка на инфлација; Извор: ДЗС

Годишен пад на цените во февруари е регистриран и во категориите: Транспорт од 3,2%,

Комуникации од 3%, и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1%. Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 4,3%, следена со порастот на цените во категориите: Рекреација и култура од 3,7%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 3,4%, Здравје од 3%, Облека и обувки од 1,6%, Ресторани и хотели од 1,5%, Образование од 0,4% и Останати стоки и услуги од 0,1%.




Потрошувачките цени во февруари 2016 година се намалија за 0,1% во однос на претходниот месец. Месечен пад на цените е регистриран во категориите: Транспорт од 3,1%, Останати стоки и услуги од 0,9%, Комуникации и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од по 0,2% и Облека и обувки од 0,1%. Зголемување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Здравје од 1,2%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,8%, Рекреација и култура од 0,3%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,2% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%. Цените во категориите Ресторани и хотели и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во февруари 2016 година во однос на истиот месец претходната година се намалени за 0,4%, односно за 0,6% споредено со претходниот месец. Цените на мало во првите два месеца од 2016 година се пониски за 0,1%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во февруари 2016 година забележа раст од 7,8% на месечна основа и изнесуваше 33,2 долари за барел. Во однос на истиот месец од претходната година, цената на нафтата се намали за 42,7%.

Цената на природниот гас во февруари 2016 година, во однос на јануари 2016 година, се намали за 10,2%.

Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во февруари 2016 година се тргуваше со просечна цена од 8.299 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува намалување на




цената од 2,5% во однос на претходниот месец. Во февруари, кај останатите основни метали се забележува зголемување на цените на месечно ниво. Така, цената на калајот се зголеми за 13,1%, на цинкот за 12,5%, на оловото за 7,3%, на алуминиумот за 3,4% и на бакарот за 2,8%. Цената на железната руда во февруари, во однос на јануари 2016 година бележи раст од 11,9%.




Во однос на благородните метали, цената на златото во февруари, во однос на претходниот месец, се зголеми за 9,3%, а на среброто и платината за 7,5%.

Во февруари цената на пченката на светските берзи бележи намалување од 0,8%, а цената на пченицата не е променета споредено со претходниот месец. Цената на јагнешкото месо во февруари 2016 година, во однос на јануари 2016 година се намали за 0,7%.

# *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите два месеца од 2016 година изнесува 1.463,2 милиона евра, што претставува раст од 7,2% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари–февруари 2016 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 72,9%, што претставува зголемување од 2,5 п.п. во однос на истиот период од претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - февруари од 2016 година изнесува 633,5 милиони евра и бележи раст од 7,2% (42,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2015 година, а додека физичкиот обем на извозот бележи раст од 8,2%.

Во февруари 2016 година вредноста на извезените стоки изнесува 345,4 милиони евра и бележи раст од 15,5% (46,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 7,8%.

Анализирано на месечно ниво, извозот во февруари 2016 година бележи раст од 19,9% (57,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 8,6% .




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - февруари 2016 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, пијалаци и тутун, метална руда и отпадоци од метал и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 48,7% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – февруари 2016 година споредено со истиот период од 2015 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Западен Балкан и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите - извознички на

нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 13,7% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 4,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 83,5% и 9,6% соодветно.




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – февруари од 2016 година изнесува 829,7 милиони евра и бележи раст од 7,1% (55,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2015 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 5,4%.




Вредноста на увозот во февруари 2016 година изнесува 475,7 милиони евра, што претставува зголемување за 16,3% (66,7 милиони евра) во однос на истиот месец од 2015 година, а увезените количини на стоки се зголемени за 7,5%.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2016 година увозот бележи пад од 34,4% (121,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 23,6%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2015 | I - II - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 6,9 | 6,6 | -0,3 | -4,7 |
| Мил. ЕУР | 3,7 | 2,7 | -1,1 | -28,3 |
| Мил.$ | 4,3 | 2,9 | -1,4 | -31,7 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2015 | I - II - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 139,5 | 176,9 | 37,4 | 26,8 |
| Мил. ЕУР | 57,4 | 42,4 | -15,0 | -26,2 |
| Мил.$ | 65,7 | 46,6 | -19,0 | -29,0 |

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2015 | I - II - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 3,9 | 2,0 | -1,9 | -48,3 |
| Мил. ЕУР | 110,2 | 134,9 | 24,6 | 22,4 |
| Мил.$ | 125,6 | 148,4 | 22,8 | 18,1 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2015 | I - II - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 4,1 | 3,8 | -0,3 | -6,5 |
| Мил. ЕУР | 14,2 | 25,7 | 11,6 | 81,6 |
| Мил.$ | 16,2 | 28,4 | 12,2 | 75,5 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2015 | I - II - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 89,4 | 79,7 | -9,7 | -10,8 |
| Мил. ЕУР | 89,4 | 51,9 | -37,5 | -42,0 |
| Мил.$ | 101,7 | 57,0 | -44,7 | -44,0 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2015 | I - II - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 84,4 | 117,8 | 33,5 | 39,7 |
| Мил. ЕУР | 40,8 | 41,9 | 1,1 | 2,7 |
| Мил.$ | 46,5 | 46,1 | -0,4 | -0,9 |

## Салдо на трговска размена

Во првите два месеца од 2016 година, трговскиот дефицит се зголеми за 6,9% односно 12,6 милиони евра споредено со истиот период минатата година.




Во февруари 2016 година трговскиот дефицит се зголеми за 18,5% односно 20,4 милиони евра споредено со февруари минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: проширеното негативно салдо во размената со индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка, додека во спротивна насока дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, транспортна опрема, стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци.

Во периодот јануари – февруари 2016 година 73,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Србија, Грција, Турција, Италија, Русија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Хрватска.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 85,2% од трговската размена во периодот јануари - февруари 2016 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2015 година претставува зголемување од 2,7 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,0% и 79,3%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 6,9 п.п., додека кај увозот е намалена за 0,5 п.п. во однос на периодот јануари – февруари  2015 година.

Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ

| увоз | I - II - 2015 | | | | | I - II - 2016 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 406.0 | 618,073,754 | 61.5035 | 38,013,699,102 | 79.8 | 452.6 | 657,984,236 | 61.6685 | 40,576,900,885 | 79.3 | 39,910,483 | 6.5 |
| УСД | 396.5 | 165,989,234 | 53.4272 | 8,868,339,999 | 18.6 | 305.4 | 177,963,062 | 56.1688 | 9,995,971,623 | 19.5 | 11,973,828 | 7.2 |
| ГБП | 1.0 | 3,092,302 | 81.4836 | 251,971,882 | 0.5 | 0.9 | 2,574,361 | 80.8466 | 208,128,358 | 0.4 | -517,940 | -16.7 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 803.6 | | | 47,134,010,982 | 98.4 | 759.0 | | | 50,781,000,866 | 99.2 | | |
| вк извоз: | 804.7 | | | 47,632,025,423 | 100.0 | 761.0 | | | 51,173,787,833 | 100.0 | | 7.4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во првите два месеца од 2016 година изнесуваа 25.848 милиони денари, односно 4,4% од БДП, што претставува поголемо остварување за 14,3% во однос на истиот период од 2015 година.




Даночните приходи во јануари и февруари се реализирани во износ од 14.629 милиони денари, односно 2,5% од БДП и во однос на истиот период од 2015 година се зголемени за 16,4%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 7.742 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој двомесечен период е доминантно и изнесува 52,9%. Акцизите се остварени во износ од 2.869 милиони денари (учество од 19,6% во даночните приходи). Така, од овие два индиректни данока се остварени приходи од 10.611 милиони денари, односно 72,5% од вкупните даночни приходи (1,8% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 10.234 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 2.492 милиона денари.

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 7,5%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува зголемување од 16,8%. Учеството на ДДВ донациите е незначително, при што данокот на донации забележува помало остварување за 81,2%.

Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок во овој период се остварени во износ од 2.035 милиони денари и забележуваат раст од 7,2%, при што 2/3, односно 67,0% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 6,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,1% од приходи по основ на договор на дело, 4,6% од приходи од капитал, 4,3% од приходи од имот и имотни права и 3,6% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот на добивка во овој двомесечен период од 2016 година изнесуваа 1.177 милиони денари и забележаа раст од 37,2% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 3,6 пати) и доплатите по даночни биланси (зголемување од 47,3%), додека намалување се забележува по основ на исплатени дивиденди и на други распределби од добивката. Приходите од ДДВ забележаа зголемување од 25,9%, додека акцизите забележаа намалено остварување за 2,4%. Приходите од царина беа остварени во износ од 714 милиони

денари и забележаа зголемување од 20,2%. Приходите од други даноци со остварен износ од 92 милиона денари забележаа помало остварување за 29,8% во однос на истиот период минатата година.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 1.997 милиони денари и во однос на истиот двомесечен период во 2015 година забележаа помало остварување од 3,7% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 1.011 милион денари, што претставува зголемување од 6,3 пати во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 481 милион денари, односно за 9,1% повеќе во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 7.440 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 6,2% споредено со истиот период од 2015 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување и кај придонесите за здравствено осигурување е повисока за 6,2%, а кај придонесите за вработување за 6,0%.

### Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во јануари и февруари 2016 година изнесуваа 30.307 милиони денари, односно 5,1% од БДП, што е за 11,4% повеќе во однос на истиот период 2015 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 28.557 милиони денари учествуваа со 94,2% (учество од 4,8% во БДП) и се зголемени за 14,6% во однос на истиот период во 2015 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 20.818 милиони денари (3,5% од БДП). Средствата за трансфери забележаа зголемување од 18,7% споредено со истиот период во 2015 година и истите учествуваа со 68,7% во вкупните расходи.

Расходите за плати и надоместоци беа реализирани во износ од 4.238 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот, изнесува 14,0% што во однос на истиот период од 2015 година покажува дека се зголемени за 6,5%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 2.521 милиона денари и споредено со истиот период 2015 година забележаа зголемување од 2,3%.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 15.096 милиони денари, забележаа раст од 15,3% и учествуваа со 49,8% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 9.529 милиони денари, па споредено со

истиот период од 2015 година се зголемија за 16,0%, споредено со истиот двомесечен период од 2015 година и учествуваат со 31,4% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 18,2%, односно забележаа зголемување од 31,2%, споредено со истиот период во 2015 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 2.507 милиони денари забележаа зголемување од 1,5%, во споредба со истиот период претходната година.

Каматните расходи изнесуваат 980 милиони денари, што за 4,8% е повеќе во споредба со истиот период од 2015 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 21,6%, додека каматите од странско задолжување беа намалени за 2,8%.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 1.750 милиони денари со структурно учество од 5,8% во вкупните расходи (0,3% учество во БДП), односно забележаа помала реализација за 23,6% во споредба со истиот период лани.

### Буџетско салдо

Во првите два месеца од 2016 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 4.459 милиони денари, што претставува 0,8% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 4.023 милиони денари и претставува 0,7% од БДП.

## *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари - февруари 2016 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 26.839 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е помал за 3,3% во однос на истиот период од 2015 година.




Од вкупниот број нововработени, 47,9% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во февруари 2016 година 26,4% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 212.528, од кои 116.245 се активни баратели на работа, а 96.283 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 5,0%.

Најголем дел од невработените лица (68,0%) се градско население, а 59,6% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 54,4% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 30,5% се со завршено средно образование, додека 15,1% имаат вишо или повисоко ниво на образование.



Преглед на новите вработувања; Извор: АВРМ

По возрасни групи, најголемиот дел или 53,8% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 51,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јануари 2016 година оствари годишен раст од 2,0%, а во однос на претходниот месец е пониска за 2,0%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Земјоделство, шумарство и рибарство (14,5%), Административни и помошни услужни дејности (9,7%) и Градежништво (8,7%). Реалните плати во јануари забележаа годишен раст од 1,9%.



Просечна нето плата (годишни промени, %); Извор: ДЗС



Просечна исплатена месечна нето-плата по сектори на дејности (годишни промени, %)

Просечната номинална бруто-плата во јануари 2016 година оствари годишен раст од 1,8%, а во однос на претходниот месец

таа е пониска за 2,0%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Земјоделство, шумарство и рибарство (13,7%), Административни и помошни услужни дејности (9,5%), и Градежништво (9,2%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 1,7%.

Процентот на вработени кои не примиле плата во јануари 2016 година изнесува 1,0% и е понизок за 0,3 п.п. во однос на истиот месец од претходната година, како и во однос на декември 2015 година.

## Пензии

Во февруари 2016 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 300.287 пензионери, што претставува зголемување од 1,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 1.400 лица. Од вкупниот број пензионери, 60,8% се корисници на старосна пензија, 25,5% на семејна пензија и 13,7% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во февруари 2016 година изнесува 13.064 денари и е за 5,0% зголемена во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јануари 2016 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,8%.




Просечната старосна пензија во февруари изнесува 14.441 денар, просечната инвалидска пензија изнесува 11.792 денари, а просечната семејна пензија 10.432 денари. За исплата на пензиите во февруари 2016 година се потрошени 3.827,00 милиони денари, што претставува 52,9% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во февруари 2016 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.




## Примарни пари

Во февруари 2016 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 3,3% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 10,4%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа намалување од 3,2%.

На месечно ниво, примарните пари забележаа пад од 0,9%, при раст на готовите пари во оптек од 1,5% и пад на вкупните ликвидни средства на банките од 3,3%.

## Депозитен потенцијал

Во февруари 2016 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 1,3% на месечно ниво.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( февруари 2016 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **303433** | **1,3%** | **5,3%** |
| Денари | *179492* | 1% | 6,2% |
| Странска валута | *123940* | 1,6% | 4,1% |
| Краткорочни | *148629* | 0,9% | -0,6% |
| Долгорочни | *82448* | 0,6% | 2,9% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **277675** | **0,5%** | **8,7%** |
| Денари | *222264* | *0,7%* | 11,9% |
| Странска валута | *55411* | -0,1% | -2,4% |
| Краткорочни | *62577* | 0,6% | 1,5% |
| Долгорочни | *182393* | 0,7% | 12,5% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *29956* | -0,6% | 3,7% |

Извор: НБРМ

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата забележаа раст од 3,8% и 0,5%, соодветно. Од аспект на валутата, во февруари 2016 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 1% и 1,6%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во февруари 2016 година оствари раст од 5,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, растот беше воден од депозитите во домашна валута, кои забележаа раст од 6,2%, а депозитите во странска валута се зголемија за 4,1%.




Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 3,5%, а депозитите на претпријатијата се зголемија за 9,2%. Според рочноста, краткорочните депозити се намалија 0,6% на годишно ниво, додека долгорочните депозити се зголемија за 2,9%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,2%.

## Кредити на банките

Во февруари 2016 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 0,5% на месечна основа. Секторската анализа укажува дека во февруари кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,4%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,8%. Од аспект на валутата, во февруари 2016 година, денарските кредити регистрираа раст од 0,7%, а девизните кредити се намалија за 0,1%, на месечно ниво .

На годишна основа, во февруари 2016 година вкупните кредити се зголемија за 8,7%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 5,8% и раст на кредитите кон домаќинствата од 12,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,9%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 2,4%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 12,5%, а краткорочните кредити се повисоки за 1,5%.




## Каматни стапки на депозитни банки

Вкупната каматна стапка на кредитите во февруари 2016 година, изнесува 6,5% и е

непроменета во споредба со претходниот месец. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,1 п.п. и изнесува 6,7%, додека каматната стапка на девизните кредити на месечно ниво остана непроменета и изнесува 5,7%. Вкупната каматна стапка на депозитите во февруари изнесува 1,9% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се непроменети во споредба со минатиот месец и изнесуваат 2,5% и 1,1%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во февруари 2016 година вкупниот промет на берзата регистрираше намалување од 49,2% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување и блок трансакциите за 51% и 31,3%, соодветно.




Вкупниот промет на берзата во февруари 2016 година изнесуваше 125 милиони денари, што претставува намалување за 49,4% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во февруари 2016 година изнесуваше 1.807,54 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 1,4%, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е понизок за 1,9%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на февруари 2016 година изнесуваа 2.253,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се повисоки за 6,6 милиони евра, додека во однос на февруари 2015 година се намалени за 77,3 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk